УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
СКОПЈЕ
Бул. Крсте Мисирков б.б. 1000 Скопје, Р. Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 02-650/18
02-11-2021
Скопје

Врз основа на чл. 70 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со членовите 353, 354, 355, 356, 357 и 358 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје на својата 65 редовна седница одржана на 20.10.2021 година, донесе

# О Д Л У К А

Се усвојува извештајот за самоевалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје за периодот 2018/2019-2020/2021 година.

## Образложение

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Коенски" во Скопје формира Комисија за евалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во состав: д-р Симон Саздов, претседател; д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова; д-р Милена Саздовска-Пигуловска; д-р Исмет Османи; д-р Анжела Николовска; Љупка Алексова, студент и Дамјан Мешковски, студент како и поткомисии за евалуација на студиските програми на Филолошкиот факултет.

Во текот на летниот семестар на учебната 2020/2021 година беше изведена постапка за самоевалуација на Факултетот како дел од процесот на самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Самоевалуацијата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", како дел од самоевалуацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" беше спроведена во текот на летниот семестар во учебната 2020/21 година. Идејата зад нејзината реализација беше да се согледаат постојните состојби и да се предложат начини за нивно подобрување.

Во извештајот се содржани следниве точки:

ВОВЕД

1. ЦЕЛИ, НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЕЛЕМЕНТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА
   1.1. Цели на процесот на самоевалуација
   1.2. Учесници во самоевалуацијата
   1.3. Соработници во процесот на самоевалуација и начин на спроведување на евалуацијата
   1.4. Одвивање на самоевалуацискиот процес

2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ
   2.1 Историја
   2.2. Домен на работа и мисија на Факултетот
   2.3. Стратегија за остварување на мисијата
   2.4. Структура на Факултетот
   2.5. Просторни и материјални ресурси
   2.6. Библиотечен фонд
   2.7. Надворешна соработка
   2.8. Награди и признанија
   2.9. Издавачка дејност

3. НАСТАВНООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

3.1. Опис на првиот циклус студии
3.2. Структура на наставен и помошен кадар
3.3. Додипломски студиски програми
3.4. Начин на реализација на студентската практика
3.5. Гостувања на странски предавачи
3.6. Број на организирани собири
3.7. Студенти на прв циклус студии
3.8. Финансирање на првиот циклус студии
3.9. Резултати од спроведената анкета

4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

5. НАЧИН НА КОЈ БЕШЕ ИЗВЕДЕНА ДИСКУСИЈАТА ПО ИЗВЕШТАЈОТ

Согласно гореизнесеното Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на својата 65. редовна седница одржана на 20.10.2021 година донесе Одлука со која едногласно го усвои извештајот за самоевалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје за периодот 2018/2019-2020/2021 година.

Примерок од Одлуката да се достави до претседателот на Комисијата за евалуација, продеканот за настава, Одделението за општи, правни и персонални работи и Архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Анета Дучевска